Република Северна Македонија

Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - трет квартал 2020 година -

К-3-2020

## Резиме

- Во К-3-2020 **падот на домашната економска активност** значително забави, односно е регистриран пад од 3,3%, во услови на забавено темпо на пад на активноста во индустрискиот и услужниот сектор, а раст во градежниот и земјоделскиот сектор;
- **Бројот на вработени** во К-3-2020 е намален за 1,7% во однос на истиот квартал од 2019 година. **Бројот на невработени** се намали за 5,5%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-3-2020 на 16,5%;
- Просечната **нето-плата** во К-3-2020 изнесува 27.390 денари и бележи номинален раст од 8,6% и реален раст од 7,0% на годишна основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-3-2020 се пониски за 4,7%, додека вкупните **буџетски расходи** се повисоки за 12,4% споредено со истиот квартал од 2019 година;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2020 изнесува 1,5% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2020 се намали за 0,1% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-3-2020 остана непроменета на квартална основа;
- Во К-3-2020 е забележан пад на **извозот на стоки** од 1,4% и на **увозот на стоки** од 3,5% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 2,6%;


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Содржина:

1. Економска активност.......................................3
2. Пазар на работна сила.......................................4
3. Јавни финансии.......................................6
3.1. Буџетски приходи според економската класификација.......................................6
3.2. Буџетски расходи според економската класификација .......................................7
3.3. Расходи по буџетски корисници.......................................8
3.4. Буџетски дефицит и државен долг.......................................10
4. Инфлација и монетарни движења.......................................10
5. Надворешен сектор.......................................13
5.1. Надворешнотрговска размена.......................................13
5.2. Платен биланс.......................................16

# 1. Економска активност

Во К-3-2020 е забележан **пад на домашната економска активност** од 3,3% на годишна основа, по падот од 14,9% во вториот квартал, со што економската активност бележи намалување втор квартал по ред, како последица на неповолните ефекти од пандемијата на коронавирусот, иако со значително поблаг интензитет. Падот на економската активност се должи на неповолните движења во индустријата и некои услужни дејности, како што се трговијата, транспортот и угостителството.

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Активноста во **услужниот сектор** е намалена за 1,6%, што најмногу се должи на намалената активност во дејноста Трговија, транспорт и угостителство од 2,3%, но и во дејностите Уметност, забава, рекреација и останати услуги од 6,6% и Стручни, научни, технички и административни дејности од 3,7%. Намалена активност има и кај: Дејности во врска со недвижен имот и Јавна управа, одбрана, образование и здравство од по 1,3%, и Финансиски и дејности на осигурување од 1,0%. Повисока активност бележи дејноста Информации и комуникации од 3,3%.

**Градежниот сектор** забележа раст од 3,4% по падот од 12,0% во претходниот квартал. **Земјоделството** во овој квартал забележа раст од 5,2%, што претставува интензивирање во однос на растот во претходните два квартала.

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Во К-3-2020, падот во **индустрискиот сектор,** иако двоцифрен во износ од 10,4%, значително забави во услови на намалено производство во **преработувачката индустрија** од 9,1%. Согласно месечните податоци, преработувачката индустрија претрпе позначителен пад во јули и август, кога забележа просечен пад на производството од 7,3%, по што следуваше значително ублажување на падот од 1,9% во септември, што се должи на подобрувањата кај поголем дел од индустриските гранки.

Анализирано според расходната страна на БДП, домашната побарувачка има благ позитивен придонес, како резултат на растот на бруто-инвестициите,

додека нето-извозот има негативен придонес.

**Приватната потрошувачка** забележа годишен пад од 4,1% на реална основа, во услови на намалени дознаки од странство, коишто неповолно се одразија врз доходот на домаќинствата и последователно врз потрошувачката. Притоа, позначителен пад на потрошувачката беше спречен преку мерката за финансиска поддршка на загрозените категории граѓани. Намалувањето на вкупната потрошувачка е ублажено со растот на **јавната потрошувачка** од 13,5%, што се должи на расходите поврзани со мерките за поддршка на здравството.

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Бруто-инвестициите** забележаа зголемување од 4,2% по високиот пад од 34,4% во претходниот квартал, што се должи на растот на инвестициите во градежни работи, како и во машини и опрема.

**Извозот на стоки и услуги** забележа пад од 8,4% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** се намали за 2,4%. Со тоа, нето-извозот бележи негативен придонес од 3,7 п.п..

## 2. Пазар на работна сила

Во К-3-2020, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е намален за 1,7%, односно за 14 илјади лица во однос на истиот квартал од 2019 година, а падот се должи на намалената вработеност во земјоделскиот сектор (22,6 илјади или 19,5%), индустријата (9,2 илјади или 4,7%) и градежништвото (3,4 илјади или 5,8%), додека зголемен број вработени има во услужниот сектор (22,7 илјади или 5,3%). Во рамки на услужната дејност, особен раст на вработеноста се јавува кај информациско-комуникациската дејност (7,3 илјади или 57,9%) и дејностите на здравствена и социјална заштита (4,5 илјади или 10,3%).

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста се јавува единствено кај вработените лица (приматели на плата) од 20,4 илјади или 3,3%, а пад бележат вработените за сопствена сметка (23,5 илјади или 23,8%), семејните работници (10 илјади или 22,9%), како и работодавците (861 или 2,7%). **Стапката на вработеност** во К-3-2020 изнесува 46,6% и во однос на истиот квартал од 2019 година е намалена за 0,8 п.п..


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Сепак, и покрај падот на вработеноста, забележан е и пад на **бројот на невработени**, којшто е намален за 9,1 илјада лица, односно за 5,5% во однос на истиот квартал од 2019 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-3-2020 да се намали на 16,5%, односно за 0,6 п.п. во споредба со истиот квартал од 2019 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,2 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1. Број на вработени и стапка на невработеност




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по возрасни групи, стапката на невработеност на годишна основа е намалена кај групата на возраст од 15-24 години од 7,4%, и групата на возраст од 25-49 години од 7,8%, додека невработеноста кај групата на возраст од 50-64 години е зголемена за 4,4%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 3,6 п.п. кај женското население и изнесува 15,9%, што е за 1,1 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е зголемена за 1,6 п.п. и изнесува 17,0%.

**Бројот на активно население** е намален за 23,1 илјада лица, односно за 2,4% на годишна основа. Активното население во К-3-2020 сочинува 55,8% од вкупното работоспособно население и е намалено за 1,4 п.п. во споредба со истиот квартал од 2019 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-3-2020 изнесува 27.390 денари и е повисока за 8,6% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2019 година, додека на реална основа, нето-платата бележи зголемување од 7,0% (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-3-2020 изнесува 40.874 денари и бележи раст од 9,1% на номинална и 7,5% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-3-2020 е намалена за 1,6%, што е последица на понискиот пад на вработеноста од падот на производството.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-3-2020 учествуваат со 28,3% во кварталниот БДП и се пониски за 4,7% споредено со истиот квартал од 2019 година, што се должи на пониската реализација на даночните и неданочните приходи за 7,6% и 30,8% соодветно, додека социјалните придонеси се зголемија за 6,8%. Падот на приходите е резултат на намалената економска активност како последица на здравствено-економската криза. Кај даночните приходи беше забележана пониска наплата кај сите даноци освен кај царинските давачки. Во рамки на третиот квартал, висок пад на приходите е забележан во август, додека во јули и септември се забележува благ пад.

Наплатата на индиректните даноци во К-3-2020 е намалена за 9,3%, а кај директните даноци е забележано намалување од 7,5% во однос на К-3-2019. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е намалено за 0,2 п.п. и изнесува 3,8% од кварталниот БДП, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-3-2020 изнесува 11,1% и е пониско за 0,7 п.п. во однос на К-3-2019.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 46,7% од вкупните даночни приходи во К-3-2020, и се пониски за 6,6% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2020 година, приходите од акцизи се пониски за 14,4%, додека приходите од царински давачки се зголемени за 18,1%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К3
*(% од номинален квартален БДП)*



Извор: Министерство за финансии

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано намалување од 1,9%, а кај приходите од данокот на добивка од 17,4% во однос на истиот квартал претходната година, што се должи на намалената наплата по основ на месечни аконтации и даночни биланси.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 6,8%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за

пензиско и инвалидско осигурување од 7,2%, кај придонесите за здравствено осигурување од 6,1% и кај придонесите за вработување од 4,4%.

**Неданочните приходи**, коишто претставуваат 1,4% од кварталниот БДП, во К-3-2020 беа реализирани за 52,2% помалку во однос на истиот квартал од 2019 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-3-2020 беа пониски за 8,4% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** забележаа зголемување за 3,4%.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-3-2020, со учество од 34,1% во кварталниот БДП, се повисоки за 12,4% споредено со истиот квартал од 2019 година. Растот на расходите во услови на намалена економска активност меѓу другото е резултат на мерките преземени за справување со здравствената криза и поддршка на домашната економска активност.

**Тековните расходи**, коишто претставуваат 31,7% од кварталниот БДП, имаат учество од 92,8% во вкупните расходи и беа реализирани за 11,3% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа пад од 0,8%, а расходите за плати и надоместоци раст од 8,2% во однос на истиот квартал од 2019 година.

Средствата за трансфери, коишто учествуваат со 68,1% во вкупните расходи, беа реализирани за 14,6% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 11,4% и учествуваа со 51,0% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 8,6% и забележаа учество од 29,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесуваа 14,6% и истите забележаа зголемување од 12,1% споредено со третиот квартал од 2019 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 16,2%, а субвенциите и трансферите од 8,6%.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 2,0% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 16,0%, а каматните расходи по надворешниот долг се намалени за 5,9%.

**Капиталните расходи**, коишто претставуваат 2,4% од кварталниот БДП, се реализирани за 27,8% повеќе споредено со истиот квартал од 2019 година и остварија учество од 7,2% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јули - септември 2020 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[1] реализирани се 6.926 милиони денари, што претставува 11,9% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 53,8% отпаѓаат на каматни плаќања, за што се потрошени 3.725 милиони денари, односно 44,9% од средствата планирани за оваа намена во 2020 година. По основ на капитални расходи отпаѓаат 22,0% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.523 милиони денари или 35,1% од планираното.

**Министерството за труд и социјална политика** во третиот квартал од 2020 година реализираше 13.647 милиони денари или 26,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.740 милиони денари или 27,6% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 21,2% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 25,3% или 2.886 милиони денари од планираните за 2020 година.

**Министерството за образование и наука** во периодот јули - септември 2020 година изврши буџетски средства во износ од 5.719 милиони денари, што е 22,2% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (69,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.995 милиони денари или 24,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,1%, за што се потрошени 922 милиона денари, односно 24,6% од вкупно предвидените средства за тековната година.

**Владата на Република Северна Македонија** реализираше 2.052 милиона денари, односно 10,8% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 1.834 милиони денари (10,5% од вкупно планираните) и учествуваа со 89,3% во вкупните расходи.

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** реализирани се вкупно 2.436 милиони денари, што претставува 21,5% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 83,5%, за што се потрошени 2.033 милиони денари или 25,2% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 13,2%, за што се реализирани 321 милион денари или 16,3% од годишниот план.

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 538 милиони денари, што претставува 6,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 65,9% во вкупните расходи, реализирани се 4,9% од планираните средства или 354 милиони денари. Втора најзначајна ставка со учество од 29,1% се капиталните расходи, кои се реализирани во износ од 156 милиони евра, односно 9,3% од планираните.

**Министерството за одбрана** во третиот квартал од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 1.745 милиони денари, што е 21,0% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 58,3%, за што се реализирани 1.018 милиони денари, што претставува 25,0% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 406 милиони денари, односно 20,1% од вкупно предвидените.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-3-2020 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за здравство** во периодот јули - септември 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 1.749 милиони денари, што е 22,9% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,8%, за што се потрошени 924 милиони денари или 23,2% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите, со учество од 41,6% во вкупните расходи, се втора најзначајна ставка, при што се реализирани 727 милиони евра (24,9% од планираните). Повисокиот износ на стоки и услуги меѓу другото е поврзан и со повисоките трошоци за справување со здравствената криза.

**Министерството за транспорт и врски** во периодот јули - септември реализираше средства во износ од 462 милиона денари, што е 14,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи

износува 10,0% од предвиденото (245 милиони денари), а учествуваат со 53,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите учествуваат со 35,2% во вкупните расходи, а за оваа намена реализирани се 163 милиони евра, односно 29,4% од планираните.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во третиот квартал од 2020 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 9.923 милиони денари или 5,8% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 10.646 милиони денари, односно 6,2% од кварталниот БДП. Дефицитот е резултат на падот на приходите како последица на економската криза, придружен со раст на расходите поради преземените мерки.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-3-2020 изнесува 51,5% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,1 п.п. во однос на К-2-2020. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-2-2020 е намалено за 0,1 п.п. и изнесува 62,3%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 37,7% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-3-2020 изнесува 1,5% на годишна основа и е зголемена за 1,0 п.п. во споредба со К-2-2020. Забрзувањето на растот на цените во третиот квартал се должи на растот на цените на храната и намалениот негативен придонес на енергијата што се должи на забавувањето на падот на цените на нафтените деривати и регулаторното зголемување на цените на електричната енергија во август, како и растот на цените во повеќе категории.

Раст на потрошувачките цени во К-3-2020 бележат категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,4%, Разновидни стоки и услуги од 3,3%, Храна и безалкохони пијалаци и Домување, вода, електрика, гас и други

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

горива од по 3,1%, Ресторани и хотели од 2,3%, Здравствена заштита од 1,0%, Рекреација и култура од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,7% и Образование од 0,3%. Пад на цените е забележан во категориите: Транспорт од 6,9% и Облека и обувки од 1,0%. Цените во категоријата Комуникации останаа непроменети.

Во третиот квартал[2] од 2020 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 1,5%, откако претходно ја намали во три наврати од почетокот на годината, поради пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта за намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и позначајното намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во септември 2020 година изнесуваше 0,3% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[3] во К-3-2020 забележаа пад на квартална основа од 0,9% (во претходниот квартал е забележан раст од 10,5%), во услови на намалување на вкупната ликвидност на банките за 2,5%, додека готовите пари во оптек регистрираа зголемување од 0,9%. Во однос на К-3-2019, примарните пари се зголемија за 11,1% (во К-2-2020 е забележан раст од 43,2%), како последица на зголемената вкупна ликвидност на банките од 4,9% и растот на готовите пари во оптек од 18,6%.

Во К-3-2020, најтесната парична маса M1[4] забележа зголемување од 2,8% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 1,4%, а најширокиот монетарен

[2] Податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

[333] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

агрегат М4 остана непроменет на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[5] на банките во К-3-2020 се намали за 0,1% на квартална основа, по растот од 2,4% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 2,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,7%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се намалија за 0,5%, а девизните депозити забележаа раст од 0,7%. Степенот на евроизација е зголемен за 0,3 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 40,0%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2020 се намали за 1,2 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 24,4% (во К-2-2020 изнесуваше 25,6%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 0,1%.

**Кредитната активност** на банките во К-3-2020 забележа незначителна промена на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 2,6%), во услови на пад на кредитите кон претпријатијата за 3,0%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 2,8%. Од валутен аспект, девизните кредити во К-3-2020

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

споредено со претходниот квартал се зголемија за 0,3%, додека денарските кредити се намалија за 0,1%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2020 во однос на претходниот квартал бележат раст од 2,8%, а краткорочните кредити се намалија за 6,6%.

**Каматната стапка**[6] на денарските кредити во К-3-2020 изнесува 5,12% и е намалена за 0,13 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2020 изнесува 4,25% и е намалена за 0,08 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[6] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2020 изнесува 1,42% и забележа пад од 0,11 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,58% и е намалена за 0,04 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2020 изнесува 4,23%, а на новоодобрените девизни кредити 3,56%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,07% и 0,35%, соодветно.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-3-2020 изнесува 3.600,0 милиони евра и бележи пад од 2,6% во однос на истиот квартал од 2019 година. Ова укажува на поповолни движења во надворешнотрговската размена со странство по двоцифрениот пад на истата во вториот квартал (33,6%), како резултат на ширењето на пандемијата предизвикана од коронавирусот.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-3-2020 изнесува 1.606,2 милиона евра и во однос на К-3-2019 регистрира пад од 1,4%, што укажува на поповолни движења во извозот на нашата земја по двоцифрениот пад на истиот во вториот квартал (35,7%). Во К-3-2020 извозот на стоки забележа раст од 54,1% во однос на претходниот квартал.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), во К-3-2020 забележан е пад на извозот на годишна основа кај следните сектори:

- минерални горива и мазива за 48,5% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата нафта и производи од нафта за 18,6 милиони евра или 69,8%);
- разни готови производи за 9,3% (облека за 9,5 милиони евра или 9,0%; обувки за 3,6 милиони евра или 32,2%);
- суровини освен гориво за 14,7% (метална руда и отпадоци од метал за 9,0 милиони евра или 14,3%);
- производи класирани по материјалот за 2,0% (изработки од метал за 4,7 милиони евра или 20,0%; железо и челик за 4,5 милиони евра или 3,0%) и
- животински и растителни масла за 38,8% (цврсти растителни масла и

масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,1 милион евра или 41,6%).

Позитивно придвижување кај извозот се забележува кај следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 3,4% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: индустриски машини и делови за 26,0 милиони евра или 14,5%; електрични машини, апарати и делови за 11,2 милиона евра или 4,9%);
- хемиски производи за 3,5% (хемиски материи и производи за 20,9 милиони евра или 6,2%);
- пијалаци и тутун за 4,7% (тутун и производи од тутун за 4,8 милиони евра или 10,7%) и
- производи за храна за 3,4% (овошје и зеленчук за 4,4 милиони евра или 8,4%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2020 пад на извозот е забележан кај следните групи производи:

- горива и мазива за 21,8 милиони евра или 48,5%;
- транспортна опрема за 18,6 милиони евра или 8,2%;
- стоки за широка потрошувачка за 13,4 милиони евра или 7,1% и
- стоки за индустриски набавки за 4,4 милиони евра или 0,6%.

Зголемување на извозот е забележано кај следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 35,2 милиона евра или 13,8% и
- храна и пијалаци од 0,6 милиони евра или 0,5%.

**Увозот на стоки** во К-3-2020 изнесува 1.993,8 милиони евра и е намален за 3,5% во однос на К-3-2019. Во К-3-2020 увозот на стоки забележа раст од 39,7% во однос на претходниот квартал.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-3-2020 во однос на К-3-2019 се забележува кај следните сектори:

- минерални горива и мазива за 44,2% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата нафта и производи од нафта за 87,0 милиони евра или 52,1%);
- производи за храна за 7,5% (месо и преработки од месо за 6,0 милиони евра или 15,7%; жита и преработки од жита за 3,8 милиони евра или 13,7%);
- машини и транспортни уреди за 1,0% (индустриски машини и делови за 5,1 милион евра или 7,8%; електрични машини, апарати и делови за 3,7 милиони евра или 2,0%);
- разни готови производи за 0,9% (обувки за 1,8 милиони евра или 17,9%);
- пијалаци и тутун за 15,3% (пијалаци за 1,6 милиони евра или 11,6%).

Зголемување на увозот се забележува кај следните сектори:

- хемиски производи за 11,7% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата неоргански хемиски производи за 51,3 милиони евра или за 187,0%);

- производи класирани по материјалот за 0,9% (обоени метали за 26,1 милион евра или 8,6%);
- суровини освен гориво за 3,8% (дрво и плута за 1,7 милиони евра или 21,4%; метална руда и отпадоци од метал за 1,6 милиони евра или 4,3%) и
- животински и растителни масла за 13,7% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,7 милиони евра или 18,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2020 пад на увозот е забележан кај следните групи производи:

- горива и мазива за 100,4 милиони евра или 45,6%;
- храна и пијалаци за 15,3 милиони евра или 8,3%;
- стоки за широка потрошувачка за 0,7 милиони евра или 0,4% и
- транспортна опрема за 0,1 милион евра или 0,1%.

Зголемување на увозот е забележано кај следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 3,4 милиони евра или 1,2%, и
- стоки за индустриски набавки за 41,2 милиона евра или 3,9%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2020




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија со Европската унија (ЕУ 27[7]) во К-3-2020 е намалена за 16,9% во однос на К-3-2019, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 59,5% и е намалено за 10,2 п.п. споредено со третиот квартал од 2019 година. Притоа, во К-3-2020 извозот на стоки учествува со 77,8%, а увозот на стоки со 44,7%.

[7] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-3-2020 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 43,3 милиони евра, што претставува 1,6% од кварталниот БДП, наспроти суфицитот од 5,6% од БДП забележан во истиот квартал од 2019 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-3-2020 споредено со суфицитот во истиот квартал претходната година е последица на намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 32,7% и сметката на услуги за 51,4%. Спротивно влијание имаше намалувањето на дефицитот на сметката на стоки за 7,7% и сметката на примарен доход за 24,2%.

Во К-3-2020, **трговскиот дефицит** на годишно ниво е намален за 33,8 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е намален за 0,7 п.п. на годишна основа, односно изнесува 14,5%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2020 изнесува 84,7 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2019 година е намален за 89,8 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-3-2020 изнесува 134,9% од кварталниот БДП и во однос на К-3-2019 е намалена за 2,8 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-3-2020 забележа дефицит од 98,7 милиони евра и истиот е намален за 31,5 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-3-2020 изнесува 373,2 милиона евра и на годишно ниво е намален за 180,9 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на приватните трансфери за 197,1 милион евра, коишто во сметката на секундарниот доход учествуваат со 94,2%. Официјалните трансфери се зголемени за 16,2 милиона евра, а тие во сметката на секундарниот доход учествуваат со 5,8%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-3-2020 изнесува 0,9 милиони евра и во однос на истиот квартал минатата година е намалено за 5,0 милиони евра, што главно се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-3-2020 се негативни и изнесуваат 5,4 милиони евра, што произлегува главно од реинвестирање на добивката, каде што е забележан одлив од 37,7 милиони евра, додека по основ на должнички инструменти и по основ на сопственички капитал е регистриран прилив од 24,1 и 8,2 милиона евра, соодветно.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-3-2020 изнесуваат 77,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2019 година се зголемени за 4,9 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-3-2020 изнесуваат 34,5 милиони евра и во однос на истиот квартал претходната година се намалени за 11,0 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 176,1 милион евра, додека сметките на заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 83,4 и 57,4 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на третиот квартал од 2020 година изнесуваат 3,5 милијарди евра и во однос на К-3-2019 се зголемени за 11,3%. Девизните резерви на крајот на К-3-2020 обезбедуваат 5,4-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.